3 juni, 86

УМЕТНОСТ • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • УМЕТНОСТ • ОБРАЗОВАНИЕ • **КУЛТУРА**

**РАЗГОВОР СО ГЛИГОР СТЕФАНОВ, АКАДЕМСКИ СКУЛПТОР ОД КАВАДАРЦИ**

# Не се стремам кон вечност



ГЛИГОР СТЕФАНОВ

- **СПЕЦИФИКАТА НА ТВОРЕШТВОТО НА ОВОЈ МЛАД УМЕТНИК ЈА ЧИНАТ ПРИРОДНИТЕ, МАТЕРИЈАЛИ СО КОИ ТОЈ РАБОТИ (СЛАМА, ДРВО, СЕНО, ТРЕВА, ПАМУК)**
- **ОВИЕ МАТЕРИЈАЛИ, КАКО ШТО ВЕЛИ СТЕФАНОВ, МУ НУДАТ БЕЗГРАНИЧНИ МОЖНОСТИ ЗА ЕКСПРЕСИВНО ИЗРАЗУВАЊЕ, А ВООПШТО НЕ МУ ПРЕЧИ ШТО НЕГОВИТЕ ТВОРБИ ИМААТ КРАТОК ВЕК**

Во Музејот на современа уметност во Скопје, вечерва, во 19 часот, ќе биде отворена изложбата на академскиот вајар од Кавадарци, Глигор Стефанов. На ова свое самостојно претставување пред скопската публика, Стефанов излага тринаесетина објекти и инсталации, обединети во циклусот наречен „Летала".

Она што го чини идентитетот на ликовниот израз на Глигор Стефанов, секако е неговиот интерес **соодветсвуваат на мојот темпера** Поточно, своите дела тој ги обликува со т.н. „сиромашни" материјали, како што се тревата, сламата, дрвото, памукот или сеното. Токму затоа, во нашата неодамнешна средба со него, првото прашање што му го поставивме беше: од каде кај него такво „бекство" од традиционалните поими за скулптурата?

**— Не случајно работам со вакви природни материјали, вели Глигор Стефанов. Зашто, најпрвин до нив секогаш можам лесно да дојдам, а пресудно во мојот избор е секако што овие материјали ми нудат безгранични можности за експресивно изразување. Јас не можам да „поднесам" конечни форми, а токму овие материјали соодветствуваат на мојот темперамент и мојот однос кон просторот. За мене делото не е статична форма или предмет, на токму за тоа делата кои јас ги создавам се крајно динамички, тие како да пробиваат во просторот, како да се спремаат да освојат или „грабнат" дел од просторот во кој се поставени.**

Разговарајќи со Глигор Стефанов, не можевме, а да не му го поставиме прашањето: зарем не му пречи што речиси никаква трага не останува од неговите творби? Заради непостојаноста на материјалот од кој тие се создадени, речиси ниту една од нив нема долг век. Се уништуваат или распаѓаат, а потврда дека постоеле се само слајдовите и фотографиите.

**— Создавајќи едно дело, воопшто не инсистирам на некоја вечност, вели тој. Сакам само да го изразам она што го чувствувам, што го носам во себе, па затоа не се ни обидувам да работам со некој материјал кој би ми обезбедил „вечност".**

**И уште нешто. Вашето творештво не е комерцијализирано. Вашите творби не се продаваат, од едноставна причина што се непостојани и во поголеми форми?**

**— Можеби е чудно, но јас живеам за, а не од уметноста. А својата егзистенција ја обезбедувам со тоа што сум вработен како ликовен педагог во едно училиште во мојот град.**

Глигор Стефанов има добиено повеќе значајни награди и признанија, од кои би ги издвоиле со јуэната награда „Седум секретари на СКОЈ" и републичката награда на весникот „Млад борец". Зад себе има десет самостојни и шеесетина групни претставувања во земјава.

**В. Саздова**

## Ракатка

ДАРКО МАРКОВИЌ, карикатурист и аниматор, е автор на плакатот за играниот филм „Среќна Нова 49" на режисерот Столе Попов.

• • •

ПАСКАЛ ГИЛЕВСКИ, писател, со расказот „Убавата Емине" е застапен во најновиод двоброј на списанието за литература на албанската народност во СРМ, „Јехона". Расказот на албански го преведе Џевад Гега.

• • •

ЗАГА МАЛИНКОВСКА, акварелистка, на 5 јуни оваа година со самостојна изложба ќе се претстави во просториите на црквата „Св. Климент" во Охрид.

• • •

МАЈСКИ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ